Јуни 2017

# EVN ЖУРНАЛ

Весник за партнерите
и соработниците

ЕНЕРГИЈАТА ШТО ВИ ТРЕБА!



## Почитувани корисници,



Пред вас е првиот број на „ЕВН Журнал“, кој веруваме ќе внесе нова енергија во нашата успешна соработка, но и ќе ви ги прикаже случувањата на пазарот на електрична енергија. „ЕВН Журнал“ ќе излегува четири пати годишно. Тој ќе ги пренесува вестите од работењето на ЕВН Електроснабдување што ги засегаат нашите корисници, информации за продуктите и услугите достапни за нив, но и преглед на најновите трендови во сегментот на снабдување со електрична енергија. Исто така, ќе даваме совети за подобар енергетски менаџмент во компаниите и во институциите. Искрено веруваме дека „ЕВН Журнал“ ќе ви биде корисно и пријатно четиво.

Овој весник е одраз на нашата корисничка ориентираност како стратешка определба. Во фокусот на оваа компаниска определба е желбата за овозможување сигурно снабдување со електрична енергија и квалитетна услуга, а тоа е единствено можно ако имате заложба од компетентен и посветен тим, поткрепен со меѓународно искуство и темелно знаење од индустријата, кој е способен и желен да одговори на сите потреби на корисниците.

Она што го прави посебен тимот на ЕВН Македонија Електроснабдување е подготвеноста да одговори на специфичните потреби на секој корисник. Корисниците што имавме задоволство да ги услужуваме, знаат дека за кое било прашање во врска со снабдувањето со електрична енергија, единствено треба да се јават на својот менаџер за корисници и ќе добијат квалитетен одговор и решение во најкус можен рок. Како тим, ги познаваме потребите и спецификите на бизнисот на нашите корисници и сме подготвени да понудиме производи и услуги по мера за секој од нив.

Како членка на Групацијата EVN имаме пристап до значајно меѓународно искуство. Знаењето од пазарите на кои е присутна Групацијата EVN, особено во сегментот на снабдување со електрична енергија, е драгоцено во нашето секојдневно работење и опслужување на корисниците. Редовно го ставаме нашиот know-how во функција на корисниците, но и го правиме достапен пошироко меѓу стручната јавност и општеството воопшто.

Ве покануваме да ги откриете содржините од првиот „ЕВН Журнал“.

Со почит,
**Маркус Брандштетер**
Менаџер во ЕВН Македонија
Електроснабдување ДООЕЛ

**Јулијана Заовска Видиновски**
Менаџер во ЕВН Македонија
Електроснабдување ДООЕЛ

# Содржина 06/17

03 ЕВН Македонија Електроснабдување - супериорна корисничка услуга

04 Структура на пазарот на електрична енергија во Република Македонија

05 Либерализацијата на пазарот на електрична енергија – нова развојна фаза

06 Енергетски менаџмент – потреба и барање на современиот свет

07 Интервју со **инж. Гинтер Брамбук,** Заменик-претседател за регулаторни прашања во деловна единица за Југоисточна Европа - EVN AG

08 Искуство на задоволни корисници

08 Нова веб-страница за унапредување на корисничкото искуство



















**ИМПРЕСУМ: Издавач:** ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Адреса: ул. Плоштад Македонија, бр. 1, 1000 Скопје, Република Македонија, Тел.: +389 (0)2 3205 500, Веб: www.snabduvanje.mk, E-mail: elektrosnabduvanje@evn.mk
**Уредувачки тим:** Виктор Велков, Мимоза Муслиу, Благој Најдов, Марина Георгиева, Атанас Ковачевски, Јован Котевски, **Инфо** Весникот е наменет за клиенти, соработници и партнери на ЕВН Македонија Електроснабдување, се издава 4 пати во годината

# ЕВН Македонија Електроснабдување - суперiорна корисничка услуга

ЕВН Македонија Електроснабдување е основана во 2011 година и со својот придонес во развојот на неодамна либерализираниот пазар е еден од најреномираните снабдувачи на електрична енергија во Македонија. Како дел од голема групација што опслужува речиси 4,5 милиони корисници, ЕВН е компанија што има најголемо искуство во снабдувањето со електрична енергија во Југоисточна Европа. Благодарение на својот високомотивиран тим и експертско знаење во областа на снабдувањето со енергија, компанијата им овозможува сигурни и висококвалитетни услуги на своите корисници, овозможувајќи одржлив придонес за сигурноста на нивниот бизнис и квалитетната работа.



Со цел најоптимално да се задоволат очекувањата на корисниците, ЕВН Македонија Електроснабдување има одговорен менаџер за клучни корисници за секој потенцијален корисник според регионот каде што се наоѓа и спецификите на неговиот бизнис. Како дополнителна вредност за корисниците, компанијата постојано ги унапредува своите советодавни услуги и понуди креирани по мера на корисниците односно дизајнирани според нивните индивидуални потреби. Покрај тоа, посветените менаџери за клучни корисници се обучени да дадат поддршка, да ги спроведат и да управуваат со сите барања поврзани со електричната енергија, а кои се поврзани со прашања и услуги што ги даваат други релевантни институции и органи на пазарот.

Менаџерите за клучни корисници во секое време го имаат на располагање искуството и знаењето на тимовите за поддршка, како локални така и меѓународни, во рамките на Групацијата EVN. Имено, со изборот на ЕВН Електроснабдување, корисниците не добиваат само снабдувач со електрична енергија, туку и партнер што ги следи нивните потреби и наоѓа решенија специјално дизајнирани според потребите на компанијата. На тој начин корисниците може да бидат сигурни дека она што е препорачано од нашите менаџери за клучни корисници е резултат на сериозна анализа на профилот на потрошувачката и на потребите.

Соработката со ЕВН Македонија Електроснабдување им помага на корисниците да ја оптимизираат потрошувачката на електрична енергија и да постигнат поголема енергетска ефикасност. Дополнително, ЕВН Македонија Електроснабдување се труди да овозможи оптимална комбинација на стабилност и флексибилност во бизнисот и договорните односи, со цел да излезе во пресрет на нивните услови и да се приспособи на променливите услови на пазарот.

Компаниите може секогаш да сметаат на ЕВН Македонија Електроснабдување како стабилен и доверлив партнер што е на располагање за нив и нивниот бизнис во кое било време и е супериорен во исполнувањето на секое барање. Компанијата се стреми да овозможи придобивки што носат вредност за корисниците, вредност што ги поддржува на долг рок во создавање одржлива и успешна иднина и која ги надминува моменталните финансиски добивки.



# Структура на пазарот на електрична енергија во Република Македонија

Во 2005 година Република Македонија го потпиша Атинскиот меморандум, а следната година тој беше ратификуван во парламентот на Република Македонија. Овој значаен документ, кој претставуваше основа за создавање заеднички енергетски пазар во Југоисточна Европа, во согласност со стандардите на Европската Унија, го означи и почетокот на целосната трансформација на македонскиот енергетски пазар.

## Регулиран пазар




Откако беа создадени претходните предуслови и беше донесена соодветна законска рамка, која беше усогласена со европските регулативи од областа, во 2007 година големите потрошувачи што беа поврзани на преносната мрежа на Македонскиот преносен систем оператор (МЕПСО) беа првите компании што добија право да се снабдуваат со електрична енергија на слободен пазар. Според планот, либерализација на целокупниот пазар требаше да се случува постепено за да се избегнат ценовните шокови, особено за граѓаните што плаќаат и денес субвенционирана цена на струја, далеку под регионалниот и европскиот просек. Разликата во цената во корист на граѓаните според актуелниот тарифен модел ја надоместуваат компаниите. Со целосната либерализација овој модел ќе биде целосно заменет.

Со отпочнувањето на овој процес во Македонија функционира регулиран пазар на електрична енергија и либерализиран пазар на електрична енергија, каде што според Акциониот план за генерализација во различен временски период се зголемува бројот на субјекти, кои од регулиран преминуваат на либерализиран пазар.

На регулираниот пазар во Република Македонија Електрани на Македонија (ЕЛЕМ) има обврска да произведе електрична енергија и да ја продаде по регулирана цена и во согласност со регулираните договори и одредби. Македонскиот преносен систем оператор односно Оператор на електропреносен систем (ОЕПС) и Оператор на пазар на електрична енергија (ОПЕЕ), има обврска да врши пренос на електрична енергија и да управува со електроенергетскиот систем на Република Македонија и е одговорен за работењето на системот, неговото одржување, развој и поврзување со електропреносните системи на соседните земји. Истовремено како ОПЕЕ има обврска да го организира и да управува со пазарот на електрична енергија во земјата. Откако ЕЛЕМ ја предава електричната енергија на Операторот на електродистрибутивниот систем, понатаму електричната енергија ја презема ЕВН Електродистрибуција односно Оператор на електродистрибутивен систем (ОДС) и Снабдувач со електрична енергија во краен случај (СКС). ЕВН Електродистрибуција е одговорна за работењето на системот, за неговото одржување и развој, а истовремено има обврска да ги обезбеди потребите за електрична енергија на корисниците. Сите фази на производство, пренос, дистрибуција и цени за крајните корисници се утврдуваат од Регулаторната комисија за енергетика.

На отворениот пазар на електрична енергија производителите ја нудат електричната енергија на отворен пазар и преку берза или преку директни билатерални договори со снабдувачите. На отворениот пазар, производители што произведуваат зелена енергија или имаат високоефикасни постројки имаат статус на повластен производител, а оваа енергија има повисока цена на пазарот за да се стимулира ваков тип производство. Врз основа на ова, до 30.05.2017 ја донесоа одлуката на кој од снабдувачите ќе му ја дадат довербата да обезбедува енергија за непречено функционирање на нивниот бизнис и потпишаа договор за снабдување со електрична енергија. Оние кои немаат потпишано договор ќе бидат снабдувани од снабдувач во краен случај.

ЕВН Електроснабдување секојдневно ги пресретнува дневните потреби за електрична енергија на своите корисници и преку висококвалитетна услуга и конкурентни цени е вистински партнер на компаниите во Република Македонија. Слободниот пазар на електрична енергија е под мониторинг на Комисијата за заштита на конкуренцијата, чиј фокус е обезбедување фер и конкурентски односи на пазарот во интерес на корисниците.

## Отворен пазар





# Либерализацијата на пазарот на електрична енергија – нова развојна фаза

Во тек е реализацијата на нова фаза од процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија што засегнува нова, поголема група компании. ЕВН Македонија Електроснабдување како лиценциран снабдувач и одговорна компанија, лидер во својата дејност, навремено ги известува сите субјекти што потенцијално може да бидат засегнати од промената на пазарните услови. Исто така, тимот на ЕВН Електроснабдување е отворен за сите прашања и дополнителни информации поврзани со процесот на либерализација и со фазите што следуваат за да им излеземе во пресрет на засегнатите компании при носење најповолна одлука за својот бизнис.

Либерализацијата, во практична смисла, значи дека компанијата која во согласност со законската регулатива влегува во групата компании што треба да се снабдуваат со електрична енергија на слободниот пазар, ќе има право да избира од кој деловен субјект, носител на лиценца Снабдувач со електрична енергија, ќе ги обезбедува своите потреби за електрична енергија.

Според законската регулатива, субјектите (компании, институции, организации) се стекнуваат со правото на слободен пазар да набавуваат електрична енергија врз основа на различни критериуми. Либерализацијата како процес во Македонија започна во 2007 година, а во 2014 година на слободниот пазар на електрична енергија се снабдуваа сите компании што имаат најмалку 50 вработени и вкупен приход од десет милиони евра во изминатата година. Другите фази според акциониот план дефиниран во Законот за енергетика (член 197) се поврзани со годишната потрошувачка на електрична енергија и според овој критериум се предвидуваат 5 фази на спроведување на либерализацијата.

Како што се забележува од прикажаниот графикон, досега се реализирани 3 фази на либерализацијата, а во моментов во тек на реализација е четвртата фаза, чиј критериум е потрошувачка во 2016 година што надминува 500 MWh.

Компаниите кои што го исполнија овој критериум од операторот на дистрибутивниот систем добија официјално известување за стекнувањето со статус на квалификуван потрошувач, а потоа и понуда од лиценцираните снабдувачи - учесници на пазарот. Врз основа на ова, до 30.05.2017 ја донесоа одлуката на кој од снабдувачите ќе му ја дадат довербата да обезбедува енергија за непречено функционирање на нивниот бизнис и потпишаа договор за снабдување со електрична енергија. Оние кои немаат потпишано договор ќе бидат снабдувани од снабдувач во краен случај.

Испораката на електрична енергија на слободен пазар за компаниите што го исполнуваат критериумот на годишна потрошувачка над 500 MWh и кои одбрале снабдувач почнува на 1.7.2017 година.



# Енергетски менаџмент – потреба и барање на современиот свет

Успешниот менаџмент денес вклучува и енергетски менаџмент



Имајќи предвид дека фосилните горива се сè поретки и поскапи, земјите континуирано мора да се справуваат со предизвикот за истовремено остварување на целите за економски раст и целите за намалување на емисиите на стакленички гасови. Ова се потврдува и во Извештајот на „МекКинси“ од 2009 година. Во вакви услови, целите што самите компании очекуваат да ги остварат преку своите енергетски програми се дефинирани и на меѓународно ниво. За таа цел е потпишана спогодбата за справување со климатските промени COP21 на 21. Самит за климатски промени на Обединетите нации и е воспоставен стандардот ISO 50001, кој го пропишува воведувањето системи за енергетски менаџмент во компаниите. Овој и другите стандарди што се однесуваат на енергетското работење се од посебен интерес за компаниите што се стремат да станат дел глобалниот синџир на снабдување.

Иако произлегува од глобалната потреба од заштеда на енергија, енергетскиот менаџмент нуди значаен потенцијал за подобрување на работењето на компаниите во повеќе сегменти и е применлив и значаен и за компаниите во Република Македонија. Енергетскиот менаџмент е напредна алатка за рационализирање на потрошувачката на електрична енергија, и тоа во сегментот на организација на работата и во технолошките процеси. ЕВН Електроснабдување е прва компанија во Македонија што на своите клиенти им ја понуди оваа алатка како значајно know-how на современиот пазар. Примената на енергетскиот менаџмент започнува преку енергетска ревизија, при што се врши лоцирање и детекција на сите таканаречени „слаби точки“ каде што има непотребно голем трошок на енергија, што со примена на одредени организациски алатки и промена на технолошките процеси може значително да се намали. Покрај стратегискиот и организацискиот пристап, од суштинско значење е и практичната имплементација на енергетскиот менаџмент во компанијата. Генерално, при имплементација на енергетскиот менаџмент најпрвин се започнува од испитување на актуелната состојба во снабдувањето и користењето на енергијата. Колку побројни и подетални податоци има на располагање, толку подобро. Потоа, преку соодветна анализа на податоците се утврдуваат можности за заштеда, а вообичаено најочигледни се рутинските загуби на енергија. Процесот не завршува со преземањето на потребите активности за искористување на идентификуваните можности за заштеда. Континуитетот во процесот на енергетски менаџмент се обезбедува преку следење на резултатите од преземените напори.

**Кои се придобивките за компаниите од енергетскиот менаџмент?**

- Подобрување на финансиските резултати
- Намалување на потрошувачката на енергија
- Водење евиденција за користењето на енергијата, нуди можност за планирање на потребите од енергија
- Енергетскиот менаџмент како дел од поширoката политика на корпоративна општествена одговорност овозможува подобрување на имиџот на компанијата што на долг рок влијае врз создавањето конкурентска предност

Енергетскиот менаџмент е корисен и применлив принцип, кој на компаниите им овозможува намалување на трошоците по основ на електрична енергија и зголемување на конкурентноста на пазарите. Во Македонија веќе постојат компании што го применија енергетскиот менаџмент и чии резултати се навистина импозантни, за што ќе има повеќе информации во следните броеви.

Пристапот кон енергетски менаџмент во една компанија многу зависи од нејзината големина и потребите, како и од индустријата на која ѝ припаѓа компанијата. Сепак, постојат голем број начини за заштеда на електрична енергија, кои можат да се применат во сите компании, независно од нивната индустрија. Имплементацијата на енергетскиот менаџмент зависи и од организациската култура на компанијата, За креирање култура што ќе го поддржи успешното спроведување на енергетскиот менаџмент, посветеноста на првите луѓе на компанијата е од големо значење.

Споделуваме со вас неколку корисни совети за заштеда на електричната енергија, кои ќе ви помогнат да ги намалите трошоците за електрична енергија на вашиот бизнис – https://www.snabduvanje.mk/Energy-efficiency/Energy-efficiency-in-business.aspx




Извор: http://www.energylens.com/articles/energy-management

**ИНЖ. ГИНТЕР БРАМБУК,** ЗАМЕНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ ЗА РЕГУЛАТОРНИ ПРАШАЊА ВО ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА - EVN AG

# Довербата во искрено партнерство останува клучен фактор и на либерализираниот пазар



„Националните пазари често не само што се премногу мали, туку и не можат да бидат конкурентни затоа што производителите што се доминантни на пазарот се претежно во државна сопственост. Затоа, пазарот бара мултинационална интеграција, усогласување и организација."

**→ Групацијата EVN учествуваше уште од самиот почеток во создавање на единствениот европски пазар на гас и електрична енергија, кој има за цел да се создадат еднакви услови за сите земји членки на ЕУ, поголем избор и поконкурентни услуги за корисниците и за сите енергетски компании. Како би ги опишале искуствата од слободниот пазар од денешна перспектива?**

Целта на енергетската политика на ЕУ во изминатите 25 години беше воспоставување конкурентен заеднички европски пазар за електрична енергија и природен гас. Со спроведувањето на Законот за енергетика на ЕУ, големите разлики во структурата на оваа индустрија во земјите членки станаа очигледни. Во некои земји членки предусловите за воспоставување конкуренција беа поволни, додека во други земји силната интеграција низ целиот синџир на снабдување ги направи неопходни дефинирањето и изнаоѓањето нови улоги и одговорности во сложениот процес. Ликвидни пазари се појавија релативно брзо за некои основни енергетски производи во поголеми национални пазари, што го туркаше развојот понатаму. Во повеќе фрагментираните региони, политичките, правните и структурните позиции ја избегнуваа интеграцијата на пазарот. За да биде конкурентен, пазарот на електрична енергија мора да биде многу поголем од националниот, особено за најважните енергетски производи за да биде ликвиден и одржлив. Ова е неопходно бидејќи електрична енергија не може да се складира и потребни се специфични производи за да се обезбеди флексибилност за да се усогласат побарувачката и производството на енергија од обновливи извори. Националните пазари често не само што се премногу мали, туку и не можат да бидат конкурентни затоа што производителите што се доминантни на пазарот се претежно во државна сопственост. Затоа, пазарот бара мултинационална интеграција, усогласување и организација. Во однос на ова, сè уште постојат голем број задачи да се исполнат во следните години.

**→ Кои се новите трендови на пазарот на енергија и што можат компаниите и потрошувачите да очекуваат од тоа?**

Во изминатите недели се ратификуваше првиот сет правила за заедничкиот европски енергетски пазар. Ова е прво и многу важно достигнување во усогласувањето на стандардите за да се постигне подобра пазарна интеграција. Следниот чекор ќе биде усогласување на енергетската политика во различните држави што се дел од заедничкиот внатрешен пазар. Интеграцијата на обновливите извори на енергија ќе биде особено голем предизвик бидејќи повеќето достапни технологии, како ветерот и соларните системи, бараат многу повеќе флексибилност, не само во постојните производни постројки, туку и на страната на купувачот. Балансирањето ќе бара соодветни и скапи инвестиции. Во јужниот и во југоисточниот дел на Европа, постојното социјално влијание ќе стане уште еден проблем за балансирање. Граѓаните се стремат кон помало влијание на производството на електрична енергија врз животната средина, но тоа не доаѓа бесплатно. Од друга страна, тоа може да претставува голема шанса за да се обезбеди поголемо вработување и зголемување на животниот стандард.

**→ Македонија е во завршна фаза на процесот на либерализација и повеќе од 70% од енергијата што оваа индустрија ја користи, се набавува од слободниот пазар. Кои се придобивките за компаниите од процесот на либерализација?**

Како што беше вообичаено и во Западна Европа, бизнис-секторот повеќе или помалку беше или некаде дури и сè уште е принуден вкрстено да ги субвенционира домаќинствата преку регулација на цените. Барем што се однесува на енергијата, ова ќе се промени во конкурентна средина. За оние со константна потрошувачка, цената ќе биде поповолна. За деловни корисници со висока побарувачка во пик периодот (периодот од денот кога цената на електричната енергија на берзата е најскапа) поврзани со ниска вкупна потрошувачка на електрична енергија дури и може да се поскапи. Затоа, јас би препорачал управување со оптоварување таму каде што електрична енергија се користи за загревање, на пример, во ресторани. Корисниците што се во можност да ја пресликаат структурата на трошоците за производство на електрична енергија ќе имаат најмногу корист од либерализираниот пазар.

**→ ЕВН Електроснабдување, која е дел од Групацијата EVN, е еден од најголемите снабдувачи на отворениот пазар. Имајќи предвид дека ЕВН Електроснабдување е дел од групација со големо искуство на отворени пазари, какво значење има тоа за компаниите и за развојот на пазарот во целина? Дали компаниите на отворениот пазар добиваат додадена вредност?**

Со отворањето на пазарот, веќе видовме дека цените за деловните корисници се намалуваат. Сепак, цената сè повеќе ќе го одразува обликот на оптоварување, како што споменав погоре. Следниот чекор ќе биде додавање експертиза во помагањето на бизнисот кон идна сигурност на снабдувањето и оптимизација на трошоците. Во принцип, повеќе електрична енергија е потребна за да се постигне поголема ефикасност во внатрешните процеси. Во секој случај, довербата во фер партнерство ќе остане клучна за плодната соработка.

**→ Во која насока ќе се развива отворениот пазар во Македонија и кога можеме да ја очекуваме нејзината интеграција во регионалниот и во европскиот отворен пазар?**

Приоритет треба да се стави на последователното подобрување на енергетската ефикасност за сите потрошувачи на електрична енергија. Критично прашање може да стане високата побарувачката во пик периодот. Префрлувањето од греење со електрична енергија кон природен гас или централно греење, може да ја намали максималната побарувачка во студените периоди и потребата од увоз кога електрична енергија е ретка и на регионалниот пазар.

Понатамошната интеграција на пазарот е главно зависна од солидна организација на пазарот, но не само од тоа. Приспособувањето на законите, даночните аспекти, социјалната заштита, усогласувањето на политиките итн. мора да се решат во сите земји. Но, ова не е само предизвик за Македонија и за соседните земји, туку претставува тешка задача и за многу други региони во Европа.

# Искуство на задоволни корисници

Од почетокот на либерализацијата на пазарот на електрична енергија повеќе од 200 корисници имаа можност да се уверат во стабилноста и доверливоста на ЕВН Македонија Електроснабдување како партнер и во квалитетот на нашите услуги. Во функција на потврда на исправноста на направениот избор, но и во функција на олеснување на одлуката на компаниите што во периодот што претстои треба да одберат снабдувач преку кој ќе ги задоволуваат своите потреби за електрична енергија, во овој број на „ЕВН Журнал“ ви го пренесуваме искуството од неколку наши клиенти.

„При изборот на снабдувач со електрична енергија, за нас беше битно да имаме сигурен партнер, кој ќе ни овозможи одличен сервис, со искусен стручен тим на кој можеме да се потпреме. ЕВН Електроснабдување во тој поглед ги исполни и ги надмина нашите очекувања, водејќи нè низ промените што ги донесе пазарната либерализација и помагајќи ни да донесеме одлуки што создадоа вредност за нашата компанија. Високо ги препорачуваме на секоја компанија што се стреми да изгради вистински ефикасен, стабилен партнерски однос со својот снабдувач“.

ИГМ Трејд

„Пазарната либерализација со себе носеше одредени придобивки, но и предизвици. Благодарение на тимот на ЕВН Електроснабдување секогаш бевме навреме известени и подготвени за да можеме брзо и ефикасно да се приспособиме и да обезбедиме подобра позиција за компанијата. Познавањето на пазарните околности, брзата реакција и темелноста при реализирањето на нашите потреби, претставуваат одлична додадена вредност за нашиот тим. Високо ги рангираме како наши снабдувачи и го препорачуваме ЕВН Електроснабдување на секој што бара стабилна и ефикасна соработка. ЕВН Електроснабдување не само што овозможува сигурно и непречено снабдување со клучен енергенс за нашиот работен процес, туку нивниот тим има способност да ги погледне работите од гледна точка на клиентот, заштедувајќи ни време и пари.“

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

„Моментот во кој склучивме договор со ЕВН Електроснабдување значително го подобри енергетскиот менаџмент во нашата компанија. Менаџерот за клучни корисници го сметаме за дел од нашиот тим. Тие во целост ги исполнија нашите очекувања и претставуваат стабилен и сигурен партнер, кој ни дава поддршка во клучните моменти. Благодарение на поддршката што ја добивме во врска со менаџирањето на активностите поврзани со електричната енергија, можевме многу повеќе да се фокусираме на стратешкиот развој на нашиот бизнис. До досегашната соработка со ЕВН Електроснабдување може да заклучиме дека добиваме супериорна услуга по конкурентна цена, со персонал што е претприемчив и може да се носи со нашите деловни потреби.“

КАМ ДОО Скопје



# Нова веб-страница за унапредување на корисничкото искуство

ЕВН Електроснабдување со задоволство го најавува пуштањето во употреба на новата верзија од нашата веб-страница **www.snabduvanje.mk**, која е дизајнирана на начин што освен за преглед на услугите на ЕВН Електроснабдување и контакт со компанијата, на сегашните и потенцијални корисници ќе може да им служи и како главен веб-ресурс и портал за општи информации поврзани со електричната енергија.

На новата веб-страница, компаниите можат директно да ги контактираат менаџерите за клучни корисници за да побараат одредени услуги, совети или понуди. Исто така, лесно можат да ги пронајдат за нив најрелевантните информации, какви што се: објаснување на нашата сметка, енергетска регулатива, документи за преземање и слично. Покрај тоа, веб-страницата дава јасна порака за вредноста што им ја нудиме на корисниците како наши долгорочни партнери.

